# ТУНЦЕР ЏУЏЕНОЛУ

## TUNCE R CÜCENOĞLU

# Л А В И Н А

**(ÇIĞ)**

**(ДРАМА ВО 2 ЧИНА)**

**Превод од турски на македонски Ердоан Максут**

**Tuncer Cücenoğlu**
cucenoglutuncer@gmail.com
tcucenoglu@hotmail.com
www.tuncercucenoglu.com

**Ердоан Максут**
**Erdoğan Maksut**
erdoanmaksut@yahoo.com

## Дали лавината е една појава само на природата?

Беше1987 година.  Работев во една фирма за филмско производство...
Еден ден, разговарав со еден мој многу ценет пријател. Ми раскажа една интерсна ситуација...
**“Во источна Анадолија, во едно место кое било опкружено со планини луѓето кои таму живееле не смееле гласно да зборуваат, не смееeле да се смеат, накратко не смееле да бидат бучни...**
**Затоа што правењето галама предизвикувало лавина... Во сета таа работа интерсно било што тоа траело девет месеци во годината... Овие луѓе само три месеци во годината можеле да бидат бучни, да пукаат со оружје, да прават свадби и веселби или пак да ги раѓаат своите деца...”**
Значи, единствено во трите месеци кога немало опасност од лавина, ваквите возбудливи настани можеле да се одржуваат... Останатите девет месеци? Без нагли движења, без галама, во голем страв и исчекување се одвивал животот таму...Морав да нашишам претстава за оваа случка која што мнугу ме допре. Туку како може да се прераскаже, како може да се вообличи? Како можеше да се направи една приказна за гледачите да можат без да им биде досадно да ја следат ваквата приказна?
Што требаше да се направи за да се пренесе со сите сценски условности и правила? Остана само еден настан на природата да се опише и што тој настан ќе допринесе за делото? На патот кон универзалноста на каков начин можев ли да бидам во добивка од оваа ситуација?
Ете со вакви и слични прашања ја почнаав мојата авантура во пишувањето...
И си ја поставив следната реченица :
Лавината не е само појава во природата...
Можеби ние во нашите глави, мисли, го создадовме овој страв...
Со лесно да е!

Тунџер Џуџенолу

Посветено на
**Муждат Гезен**

## <u>Место на случување :</u>

*(Внатрешност на една приземна куќа што потсетува на планинска куќарка која се наоѓа во едно местенце кое е опкружено со планини...*
*Од прозорецот се гледаат мразулци што висат од покривот...*
*На зидот две пушки се закачени... цевките им се свртени едне кон друга, а кундаците им се пооддалечени... се гледа дека со некаква естетика се закачени на зидот...*
*Од левата страна една соба...на средината еден голем салон... на десната страна врата од собата која се отвара... Надворешната врата е токму од спротива ва задниот дел...*
*Во делот на салонот едно примитивно огниште... покрај него убаво наредени дрва... Долу има килими, на зидовите обесени мали мали килимчиња...*
*Во салонот има и еден тапан и токмак... Стоајат така во ќошето како спремни да го чекаат денот кога ќе можат да се огласат.*
*Во собата од лево МЛАДА ЖЕНА и МЛАД МАЖ си спијат во својата соба...*
*Во делот на салонот СТАРА ЖЕНА, се ступкала покрај огништето, со поглед фиксиран кон таванот се обидува да заспие но се буди како да чека нешто... Покрај неа нејзиниот маж СТАР ЧОВЕК си спие тивко како да е мртов... толку тивко што не се забележува дека постои...*
*Во десната соба ЧОВЕКОТ и ЖЕНАТА си спијат...*
*Секој си е на своја постела...*
*Деловите од куќата не се одвоенни со зидови... Целата глетка не е реалистична туку симболична, знаковна...*
*Преовладува целосна тишина...*
*Оваа целосна тишина ќе трае до крајот за време на претставата...*
***Движењата и промените на местата се базираат на тивкост да не се создаваат никакви звуци.*** *Случувањата се многу слични како успорен филм.*
***До финалето зборувањата ќе бидат како шепотење. Кај гледачите треба да се долови дека луѓето не зборубваат гласно, внимаваат да не прават бучава само заради тоа што се плашат****).*

**ЛИЦА :**

**СТАРА ЖЕНА** - 70 годишна. Посебно жива...За да привлече внимание се преправа дека не може да оди.
**СТАР ЧОВЕК** - 80 годишен. Може да се движи само со помош на бастун.
**МЛАДА ЖЕНА** - 18 годишна, бремена.

**МЛАД ЧОВЕК** - 20 годишен.

**ЧОВЕК** - 50 годишен.

**ЖЕНА** - 45 годишна.

**БАБИЦА** - 40 годишна.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ** - 75 годишен.

**ЖЕНА ЧЛЕН** - 70 годишна.

**МАЖ ЧЛЕН** - 60 годишен.

**1. ЕГЗЕКУТОР** - 35 годишен.

**2. ЕГЗЕКУТОР** - 35 годишен.

**ВРЕМЕ :** Денешно
**МЕСТО:** Било која држава

# ПРВ ЧИН

## I

*(Полека полека се разденува...*

*Ниту куче да залае ниту петел да закукурика ... Домонира целосна тишина.*

*Штом денот се зафаќа, неверојатна белина се прелева во внатрешноста.*

*Во содејство на белината и тишината како да расте...*

*СТАРАТА ЖЕНА од како ќе се увери дека сите спијат станува... Тивко оди во тоалетот... После извесно време доаѓа и од делот на кујната зема нешто и брзо брзо јаде... јадејќи ја следи околната ситуација за да не ја фатат...*

*МЛАДАТА ЖЕНА правејќи гримаса напола станува во креветот... Јасно е дека ја фатиле болките... Се мисли дали веднаш да го разбуди сопругот...се премислува и тивко станува од креветот. Се гледа дека е бремена...*

*СТАРАТА ЖЕНА, насетува дека доаѓа МЛАДАТА ЖЕНА. Со полна уста си оди во креветот... Се преправа дека спие... Дури и јорганот го отфрла од себе за МЛАДАТА ЖЕНА да се сожали на неа...*
*МЛАДАТА ЖЕНА тивко се движи прво во салонот потоа во тоалетот...*
*СТАРАТА ЖЕНА со поглед ја следи МЛАДАТА ЖЕНА...*
*МЛАДАТА ЖЕНА по извесно време се враќа во салонот...Изгледа како де е смирена... како и предтоа, се движи на ист начин... Мислејќи дека СТАРАТА ЖЕНА спие, ја покрива... Одкако МЛАДАТА ЖЕНА ќе прејде во својата соба, СТАРАТА ЖЕНА е радосна што ѝ успеа да не ја откријат а потоа тивко го џвака тоа што го има во устата...*

*МЛАДАТА ЖЕНА си легнува во својот кравет...*
*Сега ЧОВЕКОТ станува, Излегувајќи од собата... поминува низ Салонот и излегува надвор...*

*СТАРАТА ЖЕНА повторно се преправа дека спие...Бидејќи знае дека ЧОВЕКОТ повторно ќе се врати го бутка јорганот од себе... После извесно време ЧОВЕКОТ повторно доаѓа...*
*ЧОВЕКОТ со јорганот ја покрива СТАРАТА ЖЕНА...си оди во собата... Си легнува во креветот...*
*СТАРАТА ЖЕНА повторно си ги трие очите што ѝ се отворени, вртејќи ја главата де лево де десно, останува со своите мисли...*

*МЛАДАТА ЖЕНА наеднаш во болка станува во креветот... Јасно е дека повторно има болки...)*

МЛАДА ЖЕНА - *(го подбуцнунува мажот со рака)* Стани...
МЛАД ЧОВЕК - *(поспан)* Што е?
МЛАДА ЖЕНА - Стомакот...
МЛАД ЧОВЕК - Што му е?
МЛАДА ЖЕНА - Ме боли..
МЛАД ЧОВЕК - Оди во тоалет..
МЛАДА ЖЕНА - Бев..
МЛАД ЧОВЕК - Па што тогаш?
МЛАДА ЖЕНА - Повторно почна... Се плашам...
МЛАД ЧОВЕК - *(И самиот не верува)* Што е толку страшно?
МЛАДА ЖЕНА - Што е толку страшно?
МЛАД ЧОВЕК - Сигурно си настинала... *(сепак е внимателен)* Што може друго да е? (*молчење*)
МЛАД ЧОВЕК - Како ти е?
МЛАДА ЖЕНА - Помина..
МЛАД ЧОВЕК - Нема од што да се плашиш...
МЛАДАЖЕНА - За момент...помислив...
МЛАД ЧОВЕК - Што?
МЛАДА ЖЕНА - Помислив дека се породилни болки..
МЛАД ЧОВЕК - Можно ли е тоа?
МЛАДА ЖЕНА - Па зошто инаку се овие болки?
МЛАД ЧОВЕК - Имаш гасови за кои мислиш дека се болки..
МЛАДА ЖЕНА - Клоцна... Ме клоца...
МЛАД ЧОВЕК - *(ја става раката на стомакот од жена му... задоволно се смешка)* Што убаво! Како да е нестрплив...
МЛАДА ЖЕНА - Ќе треба уште неколку дена да се стрпи...
МЛАД ЧОВЕК - (*Ја држи жена му за рака.)* Исфрли ги од главата овие стравови... има уште најмалку еден месец... нема од што да се плашиш... тука воопшто не се случило предвремено раѓање... Не ти кажа баба ми за тоа?
МЛАДА ЖЕНА - Имало предвремено раѓање ама..
МЛАД ЧОВЕК - Од кого си слушнала?

МЛАДА ЖЕНА - Од баба ми...
МЛАД ЧОВЕК - Ама мнооогу одамна...
МЛАДА ЖЕНА - Што менува тоа?
МЛАД ЧОВЕК - (*како да му е сеедно)* Тоа било пред ние да се родиме...
МЛАДА ЖЕНА - Жива ја ставиле во ковчег бремената жена...
МЛАД ЧОВЕК - Тебе ти кажа?
МЛАДА ЖЕНА - Ѝ кажуваше на мајка ми а јас слушнав...
МЛАД ЧОВЕК - Тоа било во минатото... И никогаш не се повторило такво нешто... Поспиј си уште малку!

*(МЛАДАТА ЖЕНА ги затвора очите, се обидува да заспие...Сега како редот да му дошол на МЛАДИОТ ЧОВЕК да биде загрижен... Ја гали по косата жена му...Ама замислен е...Надвор светлината достигнала максимална белина... Но неверојатната тишина како да се зголемува, расте...)*

МЛАДА ЖЕНА - *(ги отвара очите)* А ако навистина ми почнеа болките?
МЛАД ЧОВЕК - Не е можно..
МЛАДА ЖЕНА - Зошто?
МЛАД ЧОВЕК - Затоа што старите сè имаат пресметано..
МЛАДА ЖЕНА - Не можат ли да погрешат?
МЛАД ЧОВЕК - Не!
МЛАДА ЖЕНА - Зошто?
МЛАД ЧОВЕК - Затоа што грешката и нив може да им наштети... *(молчат)*
МЛАДА ЖЕНА - Ама... и ти се уплаши...
МЛАД ЧОВЕК - Не ли е тоа нормално?
МЛАДА ЖЕНА - Па и мојот страв е нормално нешто...
МЛАД ЧОВЕК - Не реков дека не е... Ама состојбата сега не е таква. Всушност ако се случи за два дена, тогаш нема да има никаква опасност... Коњите, магарињата, кучињата, кравите, овците, петлите и кокошките ќе си ги донесеме тука... Макар и само за три месеци... Тогаш додека пукаат со пушките ти можеш да се породиш... Бебенцето,нашето бебенце за прв пат ќе вресне... Нема да се плашиме од тој вресок... Кој знае колку пати ќе вреска! Ниту другите нема да се плашат... Затоа што повеќе нема да има опасност.
*(Почнува да ѝ ги гали косите на МЛАДАТА ЖЕНА...)*
Сите ќе пеат песни... Дури и најстарите, мртви пијани ќе танцуваат... Точно три месеци!... Тоа така три месеци ќе трае... Потоа кога ќе падне првиот снег заедно со

тебе ќе си го земеме бебенцето, ќе ги напуштиме планиниве, ќе си заминеме од овде. За детенцето да си го израснеме без страв... И тие што со стоката ќе си дојдат, на ист начин ќе се вратат назад... Затоа што коњите р’знуваат,магарињата рикаат, кучињата лаат, кравите мукаат,петлите кукурикаат, а кокошките кокодакаат... Да ти кажам една тајна?

МЛАДА ЖЕНА - Кажи.

МЛАД ЧОВЕК - Никогаш повеќе нема да се вратиме овде. Исто како и пред нас што си заминаа младите... Ќе си заминеме и ќе си живееме слободно... без страв... до моментот кога ќе почуствуваме дека смртта ни се наближува, дури тогаш ќе се вратиме тука... Исто како и нашите стари

МЛАДА ЖЕНА - И на лето ли нема да се враќаме?

МЛАД ЧОВЕК - Ти и нашиот син не, но јас ќе се враќам. Затоа што ќе треба да им се подготви зимница за тие што се тука... Без брашно, шеќер и сол што ќе прават овие луѓе?

GENÇ KÜDIN - Рече нашиот син... Од каде знаеш дека ќе имаме син? Можеби ќе имаме ќерка...

МЛАД ЧОВЕК - Можеби... Така се вика нели...

МЛАДА ЖЕНА - Ама и јас би сакала да си ги видам мајка ми и татко ми. Не би можела да го издражам копнежот...

МЛАД ЧОВЕК - Што ги врзува нив тука? Можат да дојдат со нас.

МЛАДА ЖЕНА - Тогаш и твоите нека дојдат! Ако сите заедно заминеме, макар и за привремено, ќе нема потреба ти да се враќаш.

МЛАД ЧОВЕК - Моите нема да дојдат... Затоа што дедо ми и баба ми се се вратија тука да си умрат... Остави ги моите... Ние да си го гледаме нашето дете. Да ни порасне детето без страв... *(не приметува дека МЛАДАТА ЖЕНА заспала)* Еден стар мудрец вака рекол:
“Додека постои страв, човекот не може трезвено да размислува...Стравот е најголема негативна состојба што погрешно го насочува и нарушува човековото размислување. Не дозволувајте вкоренетитот страв, што сите ние го имаме, да го доживуваат и вашите деца!”
Не јас тоа нема да го дозволам ...

*(МЛАДИОТ ЧОВЕК приметува дека жена му спие... Тивко станува, преминува во салонот. СТАРАТА ЖЕНА повторно се преправа како да спие..)*

МЛАД ЧОВЕК - Бабо знам дека не спиеш ..

СТАРА ЖЕНА - Што е синко?
МЛАД ЧОВЕК - Нешто ќе те прашам..
СТАРА ЖЕНА - Прашај..
МЛАД ЧОВЕК - Пред извесно време на мајка ми си ѝ раскажала...
Си ѝ раскажала за некоја што предвреме родила...
Многу одамна било...
СТАРА ЖЕНА - *(со сомнеж)* Зошто тебе те интересира тоа?
МЛАД ЧОВЕК - Жена ми многу се уплашила...
СТАРА ЖЕНА - Од што се плаши? Таа нема таков проблем!
МЛАД ЧОВЕК - Нема, ама многу се уплашила... Млада е и неискусна...
Под стрес е... право да ти кажам и јас се загрижив ...
СТАРА ЖЕНА - (*Уживајќи*) Тогаш бев млада како твојата жена. Бевме четри девојќи што се омаживме... И сите направивме големи свадби... Ама моравме најмалку четри месеци да ја чекаме првата брачна ноќ... Тогашните старци на сите ни го кажаа тоа... Трите успеавме да останеме далеку од своите мажи... Ама едната погреши... почнаа секоја вечер да се среќаваат! И после? Три месеци пред да престане опасноста од лавина, ја фатија породилните болки... И после бидна што бидна...
МЛАД ЧОВЕК - Што се случи?
СТАРА ЖЕНА - Правилата се јасни... Веднаш ја повикаа бабицата... Јасна беше работата...Се собраа судиите и поради очекуваната одлука, жива ја ставија во сандук и ја закопаа во еден од предходно ископаните гробови...
МЛАД ЧОВЕК - Што направи мажот ѝ?
СТАРА ЖЕНА - Изрони многу солзи... Молеше да се одложи одлуката, преколнуваше... Дури и од судскиот совет бараше и него да го погребат заедно со жена му... Ама, му рекоа дека нема што да се прави... И му ја одбија молбата да го закопаат и него со жена му...
МЛАД ЧОВЕК - После?
СТАРА ЖЕНА - Кога помина опасноста од лавината, го отворија сандукот, во меѓувреме поминаа три месеци... и ништо немаше што да се направи за нашата другарка...
МЛАД ЧОВЕК - Ама ова е нечовечка постапка...
СТАРА ЖЕНА - Тоа беше неопходно за да можат сите други да живеат... Знаејќи дека може лавина да падне, не можеше да се ризикуваат животите на сите други луѓе! Што друго можеше да се направи?
МЛАД ЧОВЕК - Не знам? Можеби можело да ѝ се врзе устата на жената додека се пораѓа... Така можело да се спречи врескањето на жената...

СТАРА ЖЕНА - Знаеш дека строго ни е забрането да размислуваме на таков начин! И во минатото беше така и сега е така... Ама ние жените, без никому да кажеме, тоа го пробавме. Ама кога? Кога помина опасноста и почнавме една по друга да раѓаме, сите сакавме да бидеме безгласни, како да има опасност од лавина... но тоа беа неверојани вресоци... толку многу ехо имаше помеѓу планините... Како да се повикува лавината врз нас... Дури и еден вресок на бебето можеше сите нас да не однесе во смрт...Не заборавај дека и најстрогите закони се за среќата на луѓето...

МЛАД ЧОВЕК - Каква среќа е тоа?... Со каква совест може да се оправда погребот на некој жив човек за другите да бидат среќни?

СТАРА ЖЕНА - Кој ти ги вметна тие мисли во главата? Не се оптеретувај со такви нешта... Беше и заврши... Како се вели... Една беља е подобра од илјада совети... Можеби и таа смрт ни овозможи педесет години да нема таков случај...

(*МЛАДИОТ ЧОВЕК извесно време молчи,потоа оди во тоалетот. Од страничната соба станува ЖЕНАТА... тивко излегува од постелата. Се труди да не го разбуди мажот ѝ, од собата излегува како да се искрадува. Се среќава лице в лице со СТАРАТА ЖЕНА...)*

СТАРА ЖЕНА - *(покажува кон тоалетот)* Син ти е таму...

ЖЕНА - Зошто си будна?

СТАРА ЖЕНА - Огладнев...

ЖЕНА - (*како да не слушнала..)* Поспиј уште малку!

(*И ЧОВЕКОТ станал и тивко дошол)*

СТАРА ЖЕНА - *(здогледува дека син ѝ дошол ама се прави како да не приметува)* Јас огладнев. Огладнев!

ЖЕНА - Сè чекаш од мене...

СТАРА ЖЕНА - Да ме држеа нозете ќе те молев ли тебе?

ЖЕНА - *(Припрема нешто и ѝ подава на СТАРАТА ЖЕНА )* Не истурај в постела!

СТАРА ЖЕНА - А кога сум истурила?

ЖЕНА - Не реков дека си истурила, не истурај реков!

СТАРА ЖЕНА - Ако не сум истурила зошто ми велиш да не истурам? Значи јас сум внимателна ...

ЖЕНА - Без потреба ми префрлаш!

СТАРА ЖЕНА - Ако не зборуваш без потреба, нема да префрлам.

ЖЕНА - Добро, префрлај тогаш!

СТАРА ЖЕНА - Вака на суво не ми оди низ грлото!

ЖЕНА - Дај боже да не сакаш чај!

СТАРА ЖЕНА - Доволно ќе биде малку вода!

*(ЧОВЕКОТ ги слушнал зборувањата... Прекорно ја гледа жена му)*

ЧОВЕК - (*на жена му*) Имаме многу работа... Треба да се подготвиме...
ЖЕНА - Тука беше?
ЧОВЕК - Разбуди ги сите..
ЖЕНА - *(Уште потивко)* Ако можам од мајка ти!
*(СТАРА ЖЕНА со знаци на ЧОВЕКОТ му објасанува дека во тоалетот е внукот ѝ...)*
СТАРА ЖЕНА - Вода!

*( ЖЕНАТА, мрморејќи ѝ подава вода, потоа оди кон огништето, тивко ги размешува дрвата... Огнот убаво се разгорува... Досипува вода во големиот чајник кој е на огнот... ЧОВЕКОТ Доаѓа кај СТАРАТА ЖЕНА ѝ го милува образот... СТАРАТА ЖЕНА со поглед му се пожалува од ЖЕНАТА... ЧОВЕКОТ е навикнат, и прави движења во смисла "издржи". Доаѓа МЛАДИОТ ЧОВЕК... ЧОВЕКОТ на син му со поглед му кажува да ја разбуди невестата... МЛАДИОТ ЧОВЕК со главата му потврдува и влегува внатре. Ја милува косата на МЛАДАТА ЖЕНА и се наведнува кон нејзе... МЛАДАТА ЖЕНА го фаќа мажот ѝ за рака... извесно време останува така среќна...)*
МЛАД ЧОВЕК - Како си сега?
МЛАДА ЖЕНА - Добро сум...
МЛАД ЧОВЕК - Ти реков јас...*(молчење)* Има толку многу нешта да се направат... добро би било веќе да станеш...
*(МЛАДАТА ЖЕНА станува... Тивко јо раскрева постелата... Мажот ја чека и заедно одат во салонот...*
*ЖЕНАТА и МЛАДАТА ЖЕНА додека ја поставуваат софрата, ЧОВЕКОТ и МЛАДИОТ ЧОВЕК ги спуштаат пушките од зидот...ЧОВЕКОТ ги вади потребните нешта од торбата што ја донел син му, покажувајќи му чекор по чекор почнува да ја чисти едната од пушките... и МЛАДИОТ ЧОВЕК исто како татко му ја чисти пушката која е пред него... ЖЕНАТА и МЛАДАТА ЖЕНА како успорен филм ја местат софрата и во исто време раздигнуваат низ салонот... веќе и двете пушки се очистени ... Се полнат чашите за чај... МЛАДИОТ ЧОВЕК сака да ја наполни очистената пушка но ЧОВЕКОТ правејќи гримаса го спречува)*
ЧОВЕК - Не може сега... Сеуште не е време....
МЛАД ЧОВЕК - До каде ли е водата во коритото?

ЧОВЕК - (*Покажувајќи со раката*) Уште три прста ...

*(Ги закачуваат пушките на истото место и на ист начин... МЛАДИОТ ЧОВЕК, додека ЖЕНИТЕ ги средуваат последните нешта околу софрата, куршумите заедно со кутиите ги остава блиску до пушките на едно место, потоа му истура вода на татко му за тој лицето да си го измие... ЧОВЕКОТ се брише со крпа...)*

МЛАД ЧОВЕК - Да погледнам во коритото?
ЧОВЕК - Ако не ти е тешко погледни.

*(МЛАДИОТ ЧОВЕК тивко излегува надвор. Го снемува. ЖЕНИТЕ веќе последнните нешта ги поставуваат на софрата...)*

МЛАД ЧОВЕК - *(Се враќа. Со раката покажува.)* Околу дваипол прста..
ЧОВЕК - Добро... Можеби денес ќе се наполни и ќе пукаме со пушките... Ама најдоцна утре вечер ќе се наполни...
МЛАД ЧОВЕК - Дај боже! Само да не се оддолжи!
ЧОВЕК - Зошто е оваа паника?! Па и ако задоцни едно два три дена, за арно нека се наполни! Никој не нè гони!

*(Прво ЧОВЕКОТ седнува на софрата... потоа другите...)*

ЧОВЕК - Зошто не го разбуди татко ми?
СТАРА ЖЕНА - За да јадеме на мира... Подоцна ќе му дадам да јаде... Да не не успорува нас... Што човек беше, знаете ли? Како планина! Нели се вели, треба да го видиш волкот кога ќе остари... Еве погледнете... Кога ќе остари волкот ваков станува...
ЖЕНА - Секоја би поскала ваков маж. За сè го бива.
СТАРА ЖЕНА - *(тивко се смее*) Ти така си мислиш!

*(Сите пијат чај и се трудат да бидат потивки, јадат... МЛАДАТА ЖЕНА ги дополнува чашите со чај... СТАРАТА ЖЕНА кога ќе заврши од јадењето што е пред неа со рака го подбуцнува сина си... понекогаш и внукот го подбуцнува... Ама сè избегнувајќи ја ЖЕНАТА... Одеднаш СТАРИОТ ЧОВЕК се исправа во постелата... Гледајќи кон овие што доручкуваат...)*

СТАРА ЖЕНА - Дојди... *(кон другите)* Направете место, за да седне... Дојди де... (*Го повлекува за рака,се обидува да го довлечка до софрата...*) Дојди де ...

(*и ЧОВЕКОТ ѝ помага ... СТАРАТА ЖЕНА се обидува да му стави нешто во уста на мажот си...Со сила, како да пие*

*некој горчлив лек СТАРИОТ ЧОВЕК прави гримаси)*

СТАРА ЖЕНА - (*ги крева рацете нагоре и се моли)* Господе! Немој и мене во ваква состојба да ме донесеш! Кога ќе ми дојде денот тивко земи ме кај тебе...

СТАР ЧОВЕК - *(потивко од другите, кај и да е со нечуен глас...)* Сите заминаа... И јас заминав...

ЧОВЕК - Татко јади си го јадењето..

СТАР ЧОВЕК - Младите си заминаа... И повеќе не се вратија тука... Ама ние што направивме? Се вративме... на крајот од секоја зима се враќавме. Со сето тоа што преку зима го создававме, со нашето брашно, шеќерот и солта, со јачменот и пченицата се враќавме назад... Овие луѓе да имаат што да јадат зимно време... Секоја година ве учевме да бидете потивки и се вративме назад. Веќе засекогаш сме тука. Затоа, јас имам право прв да пукнам со пушката. Секоја година така било и сега така ќе биде. И во иднина така ќе продолжи...

ЧОВЕК - Најади се ти татко...

СТАР ЧОВЕК - Храбар е тој што ќе си го порасне бебенцето и ќе се врати... Плус тоа тој што знае дека гласноста ќе му годи и решава да се врати тој е храбар... Има ли некој помеѓу вас што ќе пререче за мојата храброст?
*(молк)* Кога ќе пукаме со пушките?

ЧОВЕК - Можеби утре татко...

СТАР ЧОВЕК - Ме омаловажуваат мене... Исто како слоновите пред својата смрт, сум се вратил во родниот крај...

ЧОВЕК - Што сакаат нека зборуваат татко... Тој што знае, знае... Ти се врати бидејќи си го сакаш родниот крај...

СТАР ЧОВЕК - *(плаче)* Ако прашате за вистината, и јас не знам точно зошто се вратив... *(повторно)* Повеќе ниту јадењето ниту пиењето не ми годи... Дури ниту пукањето... Пилето не ти пее, забите не ти сечат! Живот ли ова!

СТАРА ЖЕНА - *(сама за себе)* Забите секогаш ти сечеа!.. Пилето никогаш не ти молчеше! Цени го преживеаното!
*(на мажот си)* Не туку зборувај глупости ајде јади!

ЖЕНА - *(многу тивко)* Претераа!...

СТАР ЧОВЕК - Другар! Ако живееш, пилето треба да ти пее, забите да ти сечат! Ете јас велам дека тогаш човекот живее...

СТАРА ЖЕНА - Ги видовме и деновите кога ти пееше пилето! Луѓето си уживаа... имавме ли ние некаква корист?

СТАР ЧОВЕК - Ако не знаеш да цениш, сигурно нема никаква корист.

СТАРА ЖЕНА - Ако секој ден по три пати ја тераш птицата да пее тогаш ниту желба ниту радост нема! Ако секој ден

јадеш мед и од медот ќе ти се здосади!

СТАР ЧОВЕК - Во тој случај ако тебе не ти пее пилето на друг ќе му пее! Барај ја вината малку и кај тебе.

СТАРА ЖЕНА - Баш се расприкажа!.. Мили боже, ни кажа дека имало и денови кога пилето не пеело, доста е веќе! *(лута)* Испиј си го чајот!.. За чајот не се потребни заби!..Ете и без заби нешто ти влегува во стомакот... *(тивко)* Па кога птицата не ти лета колку и да се трудиш за џабе е!

СТАР ЧОВЕК - *(Накострешен)* Доста бе жено! Не ми се мешај во сѐ!

СТАРА ЖЕНА - Добро тогаш... Пожали се уште малку! Плачи! Плачи! Ќе ти биде полесно ако плачеш!

*(додека стариот човек тивко плаче, другите продолжуваат со доручекот... надвор е многу светло... како сонцето да е во собата...Стариот човек си го пие чајот,завршува со доручекот... Станува, оди во тоалетот...Жената и младата жена почнуваат да ја раскреваат софрата... Стариот човек доаѓа, седнува...Младата жена, во делот како кујна, ги мие садовите, стариот човек со рака ѝ дава знак на жена му да му даде цигара...*

ЧОВЕК - Дај му!

*(Жената зема од местото каде што ги крие и му подава една цигара на стариот човек... Стариот човек радосно ја зема цигарата... Со гест го потсетува син му да му ја запали. Човекот ја запалува цигарата на татко му...)*

СТАР ЧОВЕК - *(Со задоволство повлекува од цигарата. Малку се Замислув. Кон син му)* Ти не го запозна чичко ти... Да беше жив, сега ќе тој беше тука покрај мене. Две години беше постар од мене... Беше едно во себе затворено дете... Вооптшо не зборуваше... Сите се плашевме дека ќе падне лавина ако има галама... Но тој најповеќе се плашеше... (п*окажува кон собата)* спиевме еден спроти друг... Понекогаш навечер се будеше од кошмарите... Целиот испотен... жива вода, ќе го прашав што се случи... не ми кажуваше... Потоа еден ден од како му ветив дека никому нема да кажам, ми раскажа за сѐ... Ми кажа како по целото тело да чуствува дека со голем тресок сѐ ќе се заврши. ”Можеме да бидеме внимателни колку што сакаме, но што ако некој друг погреши? За миг ќе не снема... Еден тресок и ќе не снема! Нема што да се прави... колку е

лошо кога немаш никакви можности господе боже!“ Се плашеше и целиот живот му помина во страв. Стравот може човека да го сотре... да го уништи...Стравот е како црв во човекот... Една вечер се разбуди и токму вака ми рече: „Во овој момент сакам да излезам надвор и да викам... Изгледа не ќе можам од тоа да се воздржам“, „Луд ли си?“ му реков. „Тогаш лавината ќе падне... Сите ќе умреме... Нели ти се плашеше од лавината?... Или повеќе не се плашиш?“ тој ми одговори „Нема никаква корист од стравот. Ми здосади да се плашам. Нема зошто повеќе да се плашам! Подобро е да се умре одколку да се живее во страв... Еден ден има да се изнавикам... на таков начин ќе се ослободам од стравот! Сакам да викам!“ „Добро“му реков... „Така и нас ќе не спасиш од стравот“... му реков, но одпосле многу се исплашив. Ако сериозно ги свати моите зборови и ако навистина почне да вика?

*( Стариот човек веднаш заспива... Човекот го трга пепелникот... Младата жена што ги мие садовите се подвиткува и од болка прави гримаса...*
*Младиот човек сомневајќи се од состојбата на жена му доаѓа кај неа...)*

МЛАД ЧОВЕК - *(За никој да не слушне)* Што е?
МЛАДА ЖЕНА - Пак почна...
МЛАД ЧОВЕК - Ќе помине..
МЛАДА ЖЕНА - Не можам да издржам...*(офка.)* не можам да издржам...
МЛАД ЧОВЕК - Мораш!
МЛАДА ЖЕНА - Не е до мене...
МЛАД ЧОВЕК - Стрпи се!

*(старата жена се посомневува и се загледува во обајцата... ама не дава значение на состојбата)*

МЛАДА ЖЕНА - Што можам да правам?
МЛАД ЧОВЕК - Да не те сетат другите!...
МЛАДА ЖЕНА - Како?
МЛАД ЧОВЕК - Да одиме во собата.

*(младиот човек и младата жена полека преминуваат во собата. Како ништо да не се случува тивко си влегуваат во собата. Болките на младата жена продолжуваат)*

МЛАД ЧОВЕК - Како ти е сега?

МЛАДА ЖЕНА - Исто!
МЛАДА ЧОВЕК - Ќе помине
МЛАДА ЖЕНА - Изгледа нè снајде тоа од што се плашев... Досега не сум доживеала вакви болки... Ова не може друго да биде... Породилни болки! Сигурно се породилни болки! *(Тивко плаче...)* Сега што ќе биде? Што ќе правиме?
МЛАД ЧОВЕК - *(Без решение ама сепак)* Не се породилни! Не ти е терминот! За прв пат ни беше пред нова година... сеуште не си во деветтиот месец... *(брои на прсти)* има уште десет дена... Значи уште најмалку еден месец... Ќе ти помине... Немој да си негативно расположена!

*(Жената, приметува дека невестата е отсутна... Ги здогледува садовите...Мислејќи дека садовите нејзе ѝ се оставени, се лути... Почнува да ги мие... Човекот даскичките што се пред него ги средува... Старата жена се обидува да свати што се случува... Стариот човек задремал... дури и помалку 'рчи... Жената веќе ги измила садовите ... )*

ЖЕНА - *(Бришејќи си ги рацете на мажот ѝ)* Ја виде ли невестата?
ЧОВЕК - Влегоа во собата... Зошто пашуваш?
ЖЕНА - Не ги измила садовите...
ЧОВЕК - Не му се лути на девојчето... кај и да е ќе се породи...
ЖЕНА - Камо и јас да имав свекор како тебе... туку немаше кој вака да мисли за мене...
ЧОВЕК - Не го спомнувај минатото...
ЖЕНА - Кога се работи за мене, не спомнувај! Ама сега јас за нив се грижам и за двајцата одденаш!...
ЧОВЕК - Ќе се грижиш. Тоа ти е работа! Еден ден, децата за нас ќе се грижат...
ЖЕНА - Ти се чудам што очекуваш од овие денешни млади... Кој се врати назад па и тие да се вратат? Ќе видиш кога ќе имаат деца... Штом заминат ќе се вратат ли назад? Чии деца од новата генерација се вратија па овие да се вратат?
ЧОВЕК - Мојот син е поинаков... Ќе се врати...
ЖЕНА - Син ти ќе сака да се врати ама дали невестата ќе му дозволи? Погледни само, син ти само неа ја мисли... Како ничија друга жена да не забременила...

*(Старата жена, разбира дека син ѝ со жена му се расправаат... Се обидува да разбере ама ништо... Од друга*

*страна пак се обидува да ги види тие во собата)*

ЧОВЕК - Пак ли те фаќа свекрвинството!?
ЖЕНА - Кога ја кажувам вистината тогаш сум свекрва...
ЧОВЕК - Ајде не пратерувај... Јас знам каква невеста беше... Не сум заборавил што ѝ правеше на мајка ми... сеуште ја мачиш женичката...

*(Молк... Болките на младата жена престанале...Младиот човек со крпа ѝ ги брише капките пот на жената си)*

МЛАД ЧОВЕК - Ете ти помина...
МЛАДА ЖЕНА - Дај боже...
МЛАД ЧОВЕК - Да одиме кај нив... За да не се посомневаат...

*(Младиот човек и жена му влегуваат во салонскиот дел... Старата жена сеуште не ги разбрала случувањата, очигледно дека во мислите сака да разбере... Младата жена оди до кујнскиот дел)*

ЖЕНА - *(Подналутено)* Немој да се мачиш ќерко... Јас ги измив...
МЛАД ЧОВЕК - Малку ѝ се зврти во главата мајко...

*(Младиот човек седнува покрај татко му... Зема од Даскичките во рака ... и тој почнува да реди... првото го завршува... го сместува покрај другите завршени и започнува со друго...Младата жена го покрива стариот човек... тивко ги мешка дрвата во огнот)*

СТАРА ЖЕНА - *(срамејќи се)* Синкоооо... Да ме однесеш таму...

*(Човекот и младиот човек веднаш станнуваат од своите места. Јасно е дека не знаат дека старата жена може да оди. Ја фаќаат старата жена од двете страни и ја носат до тоалетот..)*

ЖЕНА - *(И таа станува и ја затвара врата после нив...)* Ќе ме пукне!
МЛАДА ЖЕНА - Мајко ако ништо друго барем кажува... А што ќе правевме ако не кажуваше?
ЖЕНА - *(Налутена)* Што ќе правевме? Ќе моравме да ја трпиме... Ако некој ми рече од едната страна јас да

потфатам, нема да се бунам!

МЛАДА ЖЕНА - Не ми замерувај мајко... Поприлично напреднав... Но сепак се трудам да помогнам колку што можам...

*(Жената ништо не коментира... молчат... Човекот и младиот човек, ја донесуваат старата жена... ја легнуваат во креветот...)*

СТАРА ЖЕНА - Господ да ве благослови вас двајца! Сѐ што ќе фатите во злато да се престори. Господ да ви даде сѐ што ќе посакате! Тебе господ да ти даде едно бебенце здраво како дрен!

МЛАД ЧОВЕК - Дај боже бабо... дај боже, да биде во денот кога треба! Така ќе се ослободиме од нашите стравови!

*(Човекот и младиот човек повторно ги земаат даските и продолжуваат да работат... Старата жена прави како да ќе кивне. Затварајќи ги устата и носот тивко кивнува.)*

СИТЕ - Наздравје!

СТАРА ЖЕНА - Ви благодарам.

СТАР ЧОВЕК - *(наеднаш се буди...Од таму кај што застана продолжува да ја кажува прикаската во врска со брат му)* "Не!" реков.. "Не можеш тоа да го направиш! Не смееш да викаш! Затоа што сите ќе умреме! Не размислуваш ли дека сите ќе умреме?" "Размислувам ама не можам да се воздржам... Сакам да излезам пред врата и да викам"... Го сетив дека додека зборуваше за тоа беше тажен... затоа што плачеше. "Со ваквата постапка вашата смрт ќе биде поради мене"...
Мили боже каква желба беше тоа... Воопшто не се видело толку многу да се има желба за викање. Исто како кога се сака жена... "Со целата моја посветеност сакам да викам... Не можам да се ослободам од ова мисла, не можам да се воздржам". Сѐ така лелекаше. Мојата ситуација беше потешка... Затоа што сите имаа еден страв... Да не падне лавина... А јас се плашев и од тоа дека брат ми имаше желба да вика... На крајот на краиштата и тоа беше како лавина. Го надгледував брат ми... Дури и кога ќе одеше во тоалет јас одев по него... Со молбен поглед го гледав во очите... Понекогаш дланките ќе ги стегнеше во тупаница и ќе ја отвореше устата, ќе го приметеше мојот молбен поглед и тогаш ги

стегаше забите за да ја одложи желбата за викање. Потоа еден ден ми рече: “Не сакам повеќе да викам!” “Навистина?” “Да“ ми рече... Не можам да ви објаснам колку се израдував...Не можев солзите да ги задржам. “Брат ми се опоравува” не успеав таа мисла да ја завршам, а тој продолжи да зборува... “И да викам, и да викам, колку можам да викам!? Викањето нема да ме задоволи... Ќе пукам со пушката! Да, да, со пушката ќе пукам! Бидејќи кога ќе пуканам со пушката, на подруг начин овие планини ќе се струполат врз луѓето!“... Господе боже...Брат ми навистина полудел... Навистина сакаше да пука... Немаше што друго да се прави... Отидов на татко ми му ја кажав ситуацијата. “Тоа е добро!” рече татко ми... Ако ги сокриеме куршумите од пушката ништо нема да се случи“...“Ама” реков, “И тоа не е добра постапка. А ако тогаш се изнервира? Мислам ако не успее да пукне со пушката тогаш неминовно ќе се налути и потоа ќе почне да вика... Татко, и без тоа нема потреба да се пука од пушка за да падне лавината...Доволно е едно силно викање и да ја заврши сета работа...Брат ми си ставил во главата... да ја урне лавината врз сите нас... А ти сеуште се трудиш оваа вистина да ја сокриеш... Го штитиш него!... Ама и јас сум твој син... тогаш и јас ќе умрам... и вие... Но ако ова не го кажеме во советот не само ти, туку и ние ќе бидеме виновни... Па дури и ако се спасиме од лавината... Татко ова веќе треба да го прифатиш. Брат ми полудел. Ако не им кажеме, а не дај боже брат ми сосем да полуди и да пукне со пушката, што ќе правиме тогаш? Кој од нас ќе се спаси кога со тресок ќе падне лавината? Може ли да се има милост во ваква ситуација? Можеме ли да гледаме како сите умираат за да бидеме милостиви само кон еден? Без разлика што ми е брат, за ова треба да им кажеш, татко”!... Татко ми за прв пат почна серозно да размислува... Не можеше повеќе да се спротивставиува... “Во право си“ ми рече... Отиде до Советот на Старците да им каже за ова. Молчејќи го сослушаа... Долго не му одговорија... Затоа што за прв пат се соочија со ваква ситуација... Поради тоа татко ми рече.: “Што ќе му правите на син ми? Имам право да знам“...Одкако судиите размислија малку... “Зарем остана што да се прави граѓанину! Јасно е што треба да правиме“ рекоа... Сигурно нема да го чекаме

денот кога ќе треба да умреме! Ќе му ја затнеме устата, рацете и нозете ќе му ги врземе и ќе го ставиме во некое ќоше“... “До кога“? “Додека не помине опасноста од лавина“... Не, не, не е можно да му ја ослободиме устата... Како можеме да му веруваме на некој кој сосема полудел? А ако вика?“ Ама и татко ми со право им вели: “Ако не пие вода, ако не јаде, како може човек да издржи? Вие свесно ли го терате во смрт?”... Ама дури ни тоа не го кажаа... Веднаш му ја затнаа устата, му ги врзаа рацете и нозете и го фрлија брат ми во една ќелија... А стражарите воедно и си јадеа... За да не вика повремено нешто му буткаа во уста на брат ми, а од друга страна пак, поради стравот да не почне да вика не ги тргаа од устата на брат ми тие огромни рачишта... Тоа траеше петнаесет дена... Лесно е да се каже петнаесет. Потоа еден ден дојдоа, “Син ви умре!“ му рекоа на татако ми... Самиот ли си умре или стражарите го задавиле никогаш не дознавме... (заспива)

ЧОВЕК - *(кон син му)* Ја знаеш ли оваа прикаска?

МЛАД ЧОВЕК - Како да не ја знам?.

ЖЕНА - Којзнае по кој пат ја слушаме!

МЛАДА ЖЕНА - Дури и јас најмалку три пати ја слушнав...

СТАРА ЖЕНА - Откако помина опасноста од лавината за прв пат се породив... *(Кон синот си)* Ти се роди... Кога падна првиот снег заминавме од тука... Таму каде што заминавме уште долго бевме вака тивки... таму кај што престојувавме беше улица со овдешните иселеници... И таму ние си теравме со овдешните навики...Значи ние иселиниците бевме тивки и внимателни... Мештаните многу не сакаа... Сакаа да ги работиме сите работи... Затоа што воопшто не велевме не и не се спротивставувме... Тоа што ни се даваше го прифаќавме а тоа што не ни го даваа за тоа не се буневме... Дојди, дојди... Оди, оди... Дај, дај... Ние ги работевме најтешките работи! Мештаните беа многу поразлични од нас... Беа гласни, бучни и се караа... Се смеаа на сиот глас... Нас многу не сакаа но не ни дозволуваа да зборуваме за нашиот крај. “Ве прифативме! Што повеќе сакате? Ете работете! Не дозволуваме дефетизам!“ велеа... Потоа добив второ дете... Повторно машко... но не преживеа... Потоа имавме една ќерка... И таа не преживеа... А што се однесува до овој, почна да се

менува... Под изговор дека повторно жали за брат му... Секоја вечер пијан се враќаше дома... “Оваа тага ќе ме убие мене“. Ми велеше. Му верував... Потоа разбрав, одел кај некоја друга жена. “Зошто одиш кај неа?” кога ќе прашав, “Од тага кон брат ми знам ли јас што правам? Немој да ме обвинуваш!“ велеше... Велејќи „Не ме обвинувај!“ почна да ги поминува низ раце сите жени од нашево место. За вoља на вистината не можеше да ја поднесе тагата по брат му... “Остави ме да се замајувам!Инаку оваа тага ќе ме убие мене“... велеше... Поради маж ми јас научив колку жените имааат моќ во лечењето на маките кај мажите... Имавме една комшивка жена во години...Таа знаеше дека маж ми беше по пиењето и по жените. Еден ден дојде кај нас дома, “Има различни патишта за мажите да се вратат дома!“ ми рече. “Наместо да плачеш и да лелекаш, дотерај се, биди насмеана и така пречекај го маж ти!“ Направив како што ми кажа... но не ме приметуваше... Потоа ме советуваше да ги правам јадењата што најповеќе ги сакаше... Ама и јадењата што најповеќе ги сакаше, не ги јадеше кога ќе се вратеше дома... бидејќи си доаѓаше сит... Сит и ќутук пијан... Од маж ми ја научив тежината како ситите да ги хранам... На крајот нашата искусна соседка ми предложи трет начин... И детето и јас повремано ќе бидеме болни... Вака научив дека со болест може да се привлече внимание кај луѓето посебно кај мажите... ”болеста кај детето не е доволна...и ти треба да бидеш болна за да не се надева дека ти ќе го лекуваш детето!” Сите совети ги применив и така успеав да го вратам маж ми дома... Но колкава беше цената! Не го гледајте сега ваков како да е ангелче во постелата...

*(Одендаш младата жена почнува да се превиткува од болките. Со голем напор оди во страничната соба... Приметувајќи ја ситуацијата и мажот ѝ оди по неа... и без тоа ја следи... Дури сега старата жена ги виде случувањата... Возбудено се обидува да ги свати случувањата... )*

МЛАДА ЖЕНА - Не можам да издржам!... Господе Боже! Не можам да издржам!
МЛАД ЧОВЕК - Што можам да сторам? Издржи!
МЛАДА ЖЕНА - Ова се породилни болки... Разбери веќе! Господе Боже! Прави што ќе правиш! Спаси ме!

*(Старата жена, се обидува на човекот зо знаци нешто да му објасни... Бидејќи човекот не ја приметува, возбудено станува и оди кон синот... Жената мислејќи дека старата жена не може да оди кога здогледува дека оди се зачудува, кај и да е јазикот ќе и се фати...)*

СТАРА ЖЕНА - Сине!.. Снао!
ЧОВЕК - Што е мајко?
ЖЕНА - Прооди! Мајка ти оди!
ЧОВЕК - Мајко ти одиш!
СТАРА ЖЕНА - Одам ли? Да, да, одам... Оставете го сега моето одење... Невестата ќе се породи!
ЧОВЕК - Што зборуваш ти мајко?
ЖЕНА - Мајка ти оди!
ЧОВЕК - Не слушна ли рече бе жено! Вели дека навестата ќе се пораѓа!

*(тројцата преминуваат во страничната соба...Едно време гледаат во недоверба. Младиве не ни приметуваат дека овие влегеле кај нив... Младиот човек безпрестан и покажува на жена му да биде тивка и безгласна...Младата жена од болките се превиткува...)*

ЧОВЕК - Синко што е?
ЖЕНА - Се случи нешто?
МЛАД ЧОВЕК - Не, не, не е ништо ..
ЖЕНА - Погледни ме...
МЛАДА ЖЕНА - Стомакот ме боли...(*се обидува да не покажува)* Сега ќе ми помине

*(Сите гледаат во младата жена... Младата жена со голем напор се обидува да ги прикрие болките... Повеќе не може да издржи, паѓа доле...)*

ЖЕНА - Оваа! Оваа! Леле Господе Боже!
МЛАД ЧОВЕК - Не мајко... Само малку ја боли стомакот...
ЖЕНА - Дај Боже... Сакаш ли вода?

МЛАДА ЖЕНА - Не можам повеќе да издржам... *(почнува да офка..)*
МЛАД ЧОВЕК - *(младиот човек со рака ѝ ја затнува устата)* Сега ќе помине...
ЖЕНА - Нема да помине...
ЧОВЕК - Што се случува?
МЛАД ЧОВЕК - Ја боли стомакот, татко..
ЖЕНА - Воопшто не личи на болки од стомак... Колку пати се породив јас... Болки се ова.. породилни болки...
ЧОВЕК - Леле господе Боже!
СТАРА ЖЕНА - Ви реков јас!
ЖЕНА - Што ќе правиме сега?

*(Болките на младата жена ѝ поминале, се смирила... Само лицето ѝ е оросено со капки пот...)*

МЛАД ЧОВЕК - Ви реков дека ќе помине... Гледате помина..
ЖЕНА - Не помина... Само има мал прекин... За кратко повторно ќе почне...
ЧОВЕК - Од каде знаеш?
ЖЕНА - Ако јас не знам кој ќе знае? Иако повеќето не се живи јас шест пати раѓав... Искрено да зборуваме, овие болки се породилни...

*(извено време молк... )*

МЛАД ЧОВЕК - Од каде си сигурна мајко?
ЖЕНА - Изгледа не слушна! Освен со тебе најмалку уште пет пати ја преживував ваквата состојба...

*(Повторно молк...)*

ЧОВЕК - Треба да бидеме сигурни...
МЛАДА ЖЕНА - Помина... Стомакот ме болеше и помина..
СТАРА ЖЕНА - Секогаш е така... Прво боли па поминува... Повтрно заболува, повторно поминува... и после...
МЛАД ЧОВЕК - Како?
ЧОВЕК - *(Одлучно)* Оди викни ја бабицата...
МЛАД ЧОВЕК - Ама...
ЧОВЕК - Приморани сме да ја викнеме... Ако не се породилни болки тогаш нема проблем... Така и вие ќе се олабавите а и ние... Подобро да се спречи од колку да се лечи....
МЛАД ЧОВЕК - А ако се породилни болки?
ЧОВЕК - Оди повикај ја.

МЛАД ЧОВЕК - А ако се породилни болки?
ЖЕНА - Тогаш ќе постапиме како што ни доликува... Нема што Друго да се направи... Мора да ја повикаме бабицата.

*(Повторно молк...)*

ЧОВЕК - Не можеме повеќе да ја избегнуваме одговорноста... Секоја поминатa секунда работи против нас... Треба да ги почитуваме законите...
МЛАД ЧОВЕК - Ама...
ЧОВЕК - *(Одлучно)* Не можеме другите да ги ставиме во опасност... Не треба да заборавиме дека сме должни да им јавиме ако постои некоја лоша ситуација... Ги знаеме правилата... Не можеме спротивно на правилата да се однесуваме. Повикај ја бабицата...
МЛАД ЧОВЕК - Не!
ЧОВЕК - Мораме да ја повикаме!
МЛАД ЧОВЕК - Ова не се породилни болки! И пред тоа се случи, отиде во тоалет и ѝ помина... Ете не ѝ е ништо... Гледате дека веќе не ја боли! Да почекаме уште малку...
ЧОВЕК - Што да почекаме? Да почне да раѓа?
МЛАД ЧОВЕК - Нема да се пораѓа!
ЧОВЕК - Од каде знаеш? Мораме да бидеме сигурни... Реков да ја повикаш!
МЛАД ЧОВЕК - Мајко почекај! Да не ги вознемируваме луѓето без потреба... Почекај!
ЧОВЕК - Што да почека? Ни го арчиш времето! Не се влечи! Оди и викни ја!
МЛАДА ЖЕНА - Чекај мајко! Види ми помина! Ете ми помина... Ништо не ми е! Се колнам ова не се породилни болки!
СТАРА ЖЕНА - Ако не се породилни болки, тогаш зошто се плашиш ќерко? Бабицата ќе ја каже состојбата и тогаш и вие и ние ќе се олабавиме... Нели е така чедо мое?
ЧОВЕК - Во право е мајка ми... Мораме да бидеме сигурни. А тоа само бабицата може да ни го каже...
МЛАД ЧОВЕК - А ако сепак се породилни болките?
ЖЕНА - За тоа веќе имаше одговор! Не ли ти одговоривме? Ако навремено не јавиме и нас нема ли да не казнат? Знаеш ли дека најголема вина е ваквата ситуација да се прикрива?
ЧОВЕК - *(одлучно)* Мораме да бидеме сигурни... Или пак пред време ли стапивте во односи.
МЛАД ЧОВЕК - Како можеш да очекуваш таква неодговорност од мене

татко!

ЧОВЕК - Тогаш зошто се противиш да дојде бабицата? Кажи ми, зошто? Кажи бе! Кажи! Ти реков кажи ми! Кажи! Кажи! Ме слушаш ли? Кажи!

*(Човекот, доаѓа до синот и го стега на разни места за да добие одговор)*

МЛАД ЧОВЕК - Не е така како што мислиш татко!Се колнам не е!

ЧОВЕК - Тогаш зошто се плашиш! *(продолжува да стега)* Ќе ја упропастиш мојата чест... Не можеше ли да почекаш еден месец! Да можеше да го држиш учкурот врзан ќе ти се случеше ли ова? После ова, за луѓе ли ќе не сметаат? Ќе ни извадиш име “фамилија со лабав учкур“ Безсрамник, никаквец! Поради твојата брзоплетост сите нè стави во опасност! Честа ми ја направи петпарачка. Поради тебе ќе не спомнуваат како фамилија која сите ги доведе во опасност. Луѓето ќе не избегнуват... нема да ни веруваат! Ќе не отфрлат!

МЛАД ЧОВЕК - Ти велам не сторив!

МЛАДА ЖЕНА - *(плачејќи)* Не сторивме татко! Ништо не направивме пред време!

*(Човекот за малку застанува... разбира дека претерал)*

ЖЕНА - *(го ослободува синот од рацете на мажот ѝ...)* Вели дека на сторил... Пушти го...

*(човекот го пушта синот...малку се прибира, се смирува)*

ЧОВЕК - *(повторно одлучен.)* Штом е така треба да бидеме сигурни... Оди и викни ја бабицата... Ајде не стој! Не се влечи! Брзо!

ЖЕНА - Што да речам?

ЧОВЕК - *(Молчи, малку размислува)* “Се сомневаме од состојбата на невестата... Добро е да се види... Сакаме да сме сигурни“ ќе речеш. Ама не заборавај пред малку имаше болки... Да не мисли дека имаме време за губење!

*(Жената се нагрнува со прекривка и тивко излегува надвор... Младата жена од една страна безнадежно плаче а од друга страна пак си ставила слушалици и слушна некоја импресивна музика..)*

**ЗАВЕСА**

# ВТОР ЧИН

## II

*(Млдата жена натажена и загрижена седи во својата соба.
Младиот човек е седнат до својата жена, размислува. Како да бара решение...
Старата жена седи на своето место,во исчекување го втренчила погледот кон вратата...
Човекот се шета низ куќата и повремено погледнува низ прозорецот...
Стариот човек спие...
Се отвара надворешната врата и влегува жената)*

ЧОВЕК - Што направи?
ЖЕНА - Ѝ кажав.
ЧОВЕК - Што рече?
ЖЕНА - Ќе дојде.
ЧОВЕК - Зошто не дојде со тебе?
ЖЕНА - Требала да го извести и советот..
*(Жената, оди кај невестата... Помалку како успорено,ја милува по косата за да ја утеши...)*
МЛАДА ЖЕНА - Дојде?
ЖЕНА - Ќе дојде... Имаше ли болки додека не бев тука?
МЛАДА ЖЕНА - Не!
ЖЕНА - Да не нѐ снајде тоа од што се плашиме.
МЛАДА ЖЕНА - Не дај Боже.
ЖЕНА - Можеби и не се породилни болки.
МЛАДА ЖЕНА - Дај Боже
ЖЕНА - Не ми се лутиш нели?
МЛАДА ЖЕНА - Имам ли право да се лутам?
ЖЕНА - Што можевме друго? Моравме веднаш да ги известиме... Дали јас или некој друг, ништо не менува... Мореше некој да оди и да ги извести ...

МЛАДА ЖЕНА - Знам

*(Молк.)*

МЛАДА ЖЕНА - Се плашам.

ЖЕНА - Ништо друго не можеме да правиме!

МЛАДА ЖЕНА - Многу е плашам...

*(По сѐ изгледа дека човекот низ прозорецот видел дека бабицата доаѓа, се возбудува и оди кај жена си)*

ЧОВЕК - Доаѓа!

*(Жената и човекот ја отвараат вратата)*

ЖЕНА - Добро дојдовте!

ЧОВЕК - Повелете.

*(Прво бабицата а по неа и Егзекутор 1.)*

БАБИЦА - Добро утро.

ЕГЗЕКУТОР 1. - Убав ден ви посакувам.

ЧОВЕК - Добро утро.

МЛАД ЧОВЕК - Исто и вам.

ЖЕНА - И вам.

СТАРА ЖЕНА - Добро ни дошла чедо мое.

*(Бабицата ѝ ја бакнува раката на старата жена)*

СТАРА ЖЕНА - И тебе многумина да ти ја бакнуваат раката чедо мое.

*(Младиот човек ѝ ја бакнува раката на бабицата.)*

БАБИЦА - Да си жив и здрав синко.

МЛАД ЧОВЕК - Не се породилни болки...

БАБИЦА - Дај Боже.

ЖЕНА - Сакате нешто за пиење?

БАБИЦА - Во ваквите ситуации времето е многу важно. Да не се задржуваме... Ако, состојбата не е таква од која што се плашиме, тогаш пред да си одам ќе испијам кафе...

ЖЕНА - Дај Боже.

БАБИЦА - Дај Боже. Каде е невестата?

*(Жената напред, по неа бабицата одат во собата.)*

ЧОВЕК - *(кон Егзекутор 1.)* Не стој, седни!

*(Егзекутор 1. Седнува)*

*(Бабицата доаѓа до младата жена. Ја гали по косите.)*

БАБИЦА - (*кон жената)* Ти излези!

*(жената оди кај другите.)*

БАБИЦА - Со лесно да е ќерко.

МЛАДА ЖЕНА - *(ѝ се тресе гласот)* Благодарам тетко.

БАБИЦА - Прво да си позборуваме...

МЛАДА ЖЕНА - Може.

БАБИЦА - Ама искрено да ми одговриш на прашањата... Во ред?

МЛАДА ЖЕНА - Во ред.

БАБИЦА - Кога имавте прва брачна ноќ?
МЛАДА ЖЕНА - Во средината на Декември.
БАБИЦА - Дали предходно имаше нешто помеѓу вас? Како бакнување нешто. Можеби, ако сте направиле нешто непромислено и сте отишле понатаму, тоа не треба да го криеш од мене.
МЛАДА ЖЕНА - Ништо не кријам!
БАБИЦА - Те прашувам за твое добро...
МЛАДА ЖЕНА - Се колнам дека ништо не кријам.
*(Бабицата со помош на прстите брои, потоа повторни брои...)*
МЛАДА ЖЕНА - Тетко многу се плашам.
БАБИЦА - Нема од што да се плашиш чедо мое... Нема никаква грешка во времето... По оваа пресметка имаш уште еден месец до породувањето...
МЛАДА ЖЕНА - Дај Боже.
БАБИЦА - Ако сега се породуваш тогаш вашата прва брачна ноќ би требало да биде многу предходно... *(повторно пресметува)* Да точно е... Туку си знаеш дека погрешната пресметка од (Багдад се враќа) глава ни се удира. Ако од мене не криеш нешто, тоташ ова не ти се породилни болки. *(Сомнително ја гледа во очи.)*
МЛАДА ЖЕНА - *(Разбира дека бабицата се сомнева.)* Не кријам... Се колнам дека ја зборувам вистината. Па кога можевме да бидеме заедно? Нашите семејства не ни дозволија ниту од далеку да се видиме. А не пак насамо да бидеме...
БАБИЦА - Може ли огнот и барутот да бидат едно до друго ќерко?.. Покрај тоа што имаше многу тажна ситуација...
МЛАДА ЖЕНА - И неа ли ти ја прегледа?
БАБИЦА - Не бе душичке... Јас до толку ли сум стара? Тоа било многу одамна... Во младоста на баба ми. Ама од тој ден навака воопшто немаше таква случка... Дај Боже никогаш да не се случи...
МЛАДА ЖЕНА - Дај Боже.
БАБИЦА - Изгледа ти помина стравот.
МЛАДА ЖЕНА - *(иако сеуште се плаши ама сепак)* Ми помина.
БАБИЦА - Нека помине... И без тоа стравот не служи за ништо... Сега веќе можеме да погледнеме... за да бидеме сосема сигурни... Легни. Таму кај што си... Испружи се, испружи се...
*(Младата жена легнува на страна)*
БАБИЦА - На грб...

*(Младата жена легнува на грб со главата кон публиката )*

МЛАДА ЖЕНА - Вака?

БАБИЦА - Да. Крени ги нозете кон стомакот... и двете... Тргни ја и сукњата... Многу добро...

*(Бабицата ѝ ја подигнува сукњата уште малку погоре..)*

БАБИЦА - Поткрени ја задницата... креваj, креваj... *(Ѝ ги вади гаќите на младата жена)* Браво... Нема од што да се плашиш... *(Се наведмува, со рака проверува, ѝ го пипа стомакот...Повторно и повторно проверува... Станува)* Облечи се.

*(Младата жена се облака, станува на нозе со рацете пред себе...)*

БАБИЦА - Кога беше првата болка?

МЛАДА ЖЕНА - *(јасно е дека лаже...)* Пред да ви соопштат вам...

БАБИЦА - *(Налутено)* Немој да ме лажеш! Кога беше? Треба да знам... Јас треба да знам... Другите не треба да знаат ама јас треба да знам! Дај Боже и пред малку да не си ме лажела!

МЛАДА ЖЕНА - Не лажев.

БАБИЦА - За првата болка те прашав...

МЛАДА ЖЕНА - *(подзастанува)* Пред да зазори...

БАБИЦА - После?

МЛАДА ЖЕНА - Малку ми помина и потоа повторно имаше...

БАБИЦА - После?

МЛАДА ЖЕНА - Уште еднаш се случи...

БАБИЦА - После?

МЛАДА ЖЕНА - После немаше...

БАБИЦА - *(извесно време молчи)* Знаеш ќерко, добро ја познавам мајка ти... Со години бевме комшивки. Навистина многу ми е жал. Но ќе морам да ги известам водачите за оваа состојба. Ова е потребно и заради правилата и заради користа на заедницава. *(уште потивко)* На нив ќе им кажеш за последните болки... Ме разбра?

МЛАДА ЖЕНА - Разбрав.

БАБИЦА - Инаку во спротивно и твоите ќе ги ставиш во беља! Ах да и ова никако не го заборавај! Не ја губи надежта од бога! Можно е и тоа, ова да не ти се породилни болки.

МЛАДА ЖЕНА - *(резигнирано)* Дај Боже! Мајка ми и татко ми ќе дојдат?

БАБИЦА - Не! Тоа е против правилата...

МЛАДА ЖЕНА - Ако ништо друго да ја повикаат мајка ми...

БАБИЦА - Во историјата на ваквите нешта тоа не постои... Пресудата се одредува во куќата каде што се затекнува. Во овие работи воопшто не се дозволени емоции...

*(бабицата тивко преоѓа кај другите... )*

ЧОВЕК - Што бидна?

БАБИЦА - *(кон жената)* Рацете да ги измијам.

*(Жената со едно лонче зема од водата која врие, ја меша со ладна вода, ѝ сипа на бабицата)*

ЖЕНА - Да не е?

БАБИЦА - *(бришејќи се)* Многу сакав, ама ѝ било пишано... Не ќе можам да го испијам кафето. Не ми се лутете мене... такви се правилата... Треба да ги известам... Што да ви речам? Вие да сте живи и здрави! *(кон Егзекутор 1.)* Ти остани тука и чекај!

*(Бабицата полека излегува... Жената по неа ја затвара вратата. Сите се тажни. Стариот човек спие... Младиот човек оди кај жена му. Младиот човек и маладата жена се прегнуваат)*

СТАР ЧОВЕК - *(Се буди. Гледа околу себе.го продолжува зборувањето од местото каде што беше застанал)* Ама ако мене ме прашувате работата беше друга, смртта на брат ми не беше сама по себе. Него го убија! Без жалење го докрајчија! *(одеднаш го здогледува Егзекутор 1.)* Вие егзекуторите! Вие! *(пружајчи ја раката кон Егзекутор како да му се заканува)* Вие го убивте него! Вие! Давејќи го, и тоа со раце! Убијци!... Убијци!

*(Старата жена се обидува безгласно да го замолчи мажот ѝ)*

## ЗАТЕМНУВАЊЕ

## III

*(Продолжува напнатото исчекување. Егзекутор 1. се обидува да разбере зошто стариот човек нему му се нафрлува... Стариот човек иако замолчил но сепак повремено со лутина го погледнунува Егзекутор 1. ... Човекот внатре се шета, повремено погледнувајќи низ прозорецот...)*

ЧОВЕК - Доаѓаат!
ЖЕНА - *(на старата жена)* Како и да е можеш да одиш... И ти стани си... за да нема фалинка во почитта кон нив.
ЧОВЕК - Остави ја мајка ми!
СТАР ЧОВЕК - Го задавија! Убијци! Убијци егзекуторски!
СТАРА ЖЕНА - Овие не се тие егзекутори. Сѐ ти се помешало...
СТАР ЧОВЕК - Ништо неми се помешало... Едниот од нив беше овој! Ти беше знам, ти беше, убиец! Убиец егзекутор! Убиец егзекутор!
ЕГЗЕКУТОР 1. - *(на стариот човек)* Татко кого ние сме го задавиле? Јас никого не сум задавил! *(на другите)* Што зборува овој!
ЧОВЕК - *(на Егзекутор 1. тивко)* Многу е стар татако ми. Толку е стар што случките кои се случиле многу одамна мисли дека сега се случиле**...** Не му обрнувајте внимние!
СТАР ЧОВЕК - *(како за инает држи темпо)* Егзекутор убиец! Егзекутор убиец!
ЕГЗЕКУТОР 1. - Претера!
СТАР ЧОВЕК - Егзекутор убиец! Егзекутор убиец!
ЕГЗЕКУТОР 1. - Ама ова не може вака!
ЧОВЕК - *(кон* Егзекутор 1. *како да му вели“јас ќе средам” Се врти кон татко му)* Замолчи веќе татко! Молчи! *(на другите)* Дојдоа!

*(Стариот човек налутено молчи. Освен старата жена сите одат кон вратата човекот ја отвара врата... )*

ЧОВЕК - Повелете.
ЖЕНА - Добро дојдовте...
СТАРА ЖЕНА - Убавини ни носите.

*(членовите на судскиот одбор, на чело по ред,*

*Претседателот, член жена, член маж. Бабицата, по нив Егзекутор 2. влегува внатре)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Здраво!

СИТЕ - *(со голема почит)*

- Здраво!
- Здраво!
- Повелете!
- Добро дојдовте.

СТАР ЧОВЕК - *(на жена му, покажувајќи кон Егзекутор 2., за другите да не слушнат)* Еве другиот е овој!

*(Старата жена на стариот човек со гест му покажува дека човекот ќе се налути)*

ЖЕНА - Каде ќе седнете?

ПРЕТСЕДАТЕЛ - *(со очите ја разгледува внатрешноста на куќата.)* Да седнам вака не некое повисочко место... Бидејќи тоа е потребно за работава...

ЧОВЕК - *(покажува со рака)* Може ли овде?

*(Претседателот ги погледнува и другите членови... Членовите климајќи со главите му одобруваат.)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Одговара...

*(Претседателот и членовите седнуваат.* Егзекутор 1 и Егзекутор 2 не седат, стојат покрај вратата. Стариот човек со внимание ги гледа членовите на судскиот одбор и егзекуторите)

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Донесете масичка!

*(Човекот и жената ја земаат масата и ја ставаат пред пертседателот)*

ЧОВЕК - Имате ли некоја друга желба?

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Додека зборувам може устата да ми се исуши. Донесете ни малку вода! И чаши нека има во доволен број!...

*( Жената на масата остава една стомна и неколку дрвени чаши.)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Ти благодарам ќерко... Каде е невестата?

ЖЕНА - Да дојде?

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Веднаш! Да не губиме време.

ЖЕНА - *(на синот ѝ)* Јас ќе ја викнам.

*(Жената влегува во собата.и дава знак на младата жена дека треба да дојде)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Без невестата ништо не можеме да зборуваме! *(кон старата жена)* Така ли е?

СТАРА ЖЕНА - Така е!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Сите можете да седнете... Кога ќе поставиме прашање ќе дојдете тука, стоејќи да одгворите... Се разбравме?

ОСТАНАТИТЕ - Се разбравме.
- Благодарм.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - *(кон другите членови)* Да започнеме?
*(другите со климање на главите одобруваат.)*

СТАР ЧОВЕК - (*тивко кон жена му)* Конечно ќе ги судат егзекуторите!
*(Старата жена со гест се обидува да му објаснни дека треба да молчи. Тивко без зборови како некој мајстор пантомимичар се обидува да му објасни дека судењето е поради предвременото пораѓање на невестата.)*

СТАР ЧОВЕК - Сега и бремана жеана?! Убијци!

СТАРА ЖЕНА - Молчи!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Пред да дојдеме тука, свративме до каналот за вода... Знаете дека со топењето на снегот кога каналот ќе се наполни до последната линија тогаш престнува опасноста од лавина. Но за жал видовме дека до последната линија има уште два прста празно место. *(и со раката покажува*). Значи дека денес, а најдоцна утре, водата ќе стигне до последната линија и опасноста ќе престане... Ете тогаш, тие што си заминуваат со почетокот на зимата, ете тие со своите деца, брашно, шеќер и сол, овошје, месо и секакви јадења ќе дојдат тука и три месеци, сè додека не падне првит снег ќе бидат тука со нас... Свадби, породувања, забави, убавини ќе има за сите нас... А кога ќе падне првиот снег жените што се породиле со своите мажи и деца ќе го напуштат овој крај...Сè до почетокот на следното лето, ќе работат и ќе собираат храна за овие кои тука остануваат, да можат на мира да живеат. Потоа повторно ќе дојдат... Повторно ќе заминат... Ете додека ние чекаме во оваа јамка, предмалку дојде бабицата и ни раскажа за состојбата што не ја очекувавме.

*(Членот маж покажува дека ќе се закашла... сите се возбудуваат... членот жена навикната подава една перница...Членот маж ставајќи ја перницата на лице безгласно кашла... и шлајмот од грлото го расчистува...ја подава перницата кон жената... )*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Со голема жал треба да објавам дека се среќаваме со една случка што педесет години не се случила. Со предвремено породување. И јас како и другите членови многу жалам... Но нема што да се прави... Ќе ги примениме правилата! Затоа што ова е состојба што е поврзана со безбедноста по животите на другите луѓе...

(*членот маж повторно покажува дека ќе се закашла. Добива уште една перница. На членот маж на лицето му притискаат повеќе*

*перници... Членот маж останува неподвижен. Умрел… членот маж го полегнуваат на едно повисочко место. Сите поминуваат пред него со голема почит*)

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Сега без да губиме повеќе време да го сториме тоа за што сме дојдени... Да се навратиме на вистинската задача. *(кон бабицата)* Кога те известија тебе?

БАБИЦА - *(станува.)* Пред малку...

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Резултатот?

БАБИЦА - Веднаш дојдов, ја прегледав невестата... Потоа вас ве известив. За жал морам да кажам дека невестата ќе се породи...

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Дали си сигурна?

БАБИЦА - Секако.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Можеш повторно да ја прегледаш.

БАБИЦА - Нема потреба... Бидејќи сите знаци ја потврдуваат состојбата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Можеш да седнеш. Вие! *(Младиот човек и младата жена стануваат)* Идентификувавме дека во нормални услови породувањето би требало да биде после еден месец... Но вие сте дошле до ситуација на прородување пред да помине опасноста. Вие знаете нели дека оваа состојба што сите ги става во животна опасност е најголем злочин?

МЛАД ЧОВЕК - Знаеме...

МЛАДА ЖЕНА - Знаеме...

МЛАД ЧОВЕК - Но тоа не е наша вина?

ПРЕТСЕДАТЕЛ – Како тоа?

МЛАД ЧОВЕК - Пресметката ја направија старите. Рекоа тој ден ќе биде... и на тој ден се оствари првата брачна ноќ. До таа ноќ, само од далеку ми ја покажуваа мојата жена... До тогаш воопшто не можевме дури и еден покрај друг да бидеме...

ЧОВЕК - Почитуван претседателу мој, ако ми дозволите би сакал да земам збор...

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Кажете без да одолговлекувате...

ЧОВЕК - Син ми ја кажува вистината... Ние секогаш им попречуваваме пред време да бидат еден до друг.

ЖЕНА - Не им дозволивме дури ниту за рака да се фатат...

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Не зборувајте без дозвола... Разбравте?

ЖЕНА - Разбрав претседателе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Да прифатиме дека сè се случило во свое време... Се обидувам да сватам што всушност сакате да кажете...

МЛАД ЧОВЕК - Ова е предвремено породување.

БАБИЦА - *(станува)* Да претседателе...ова е предвремено породување...

МЛАД ЧОВЕК - Значи ние не сме виновни...

*(Молк)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - И да е така и да е вака, во што е разликата? Ние овдека не расправаме дали породувањето е предвремено или не. Ние го гледаме резултатот... Токму сега, значи додека сеуште опасноста не е помината жена ти дошла во ситуација да се пораѓа... Нас тоа не интересира... Ако е нешто против правилата, ако темата е предвремено зближување секако дека тоа ќе не интересира... Но не може да влијае на резултатот. Сега е јасно што треба да се прави....

*(тивко и од другите членови добива потврда)* Без губење време оваа млада жена ќе се стави во ковчег, потоа ќе се закопа во земја! Наша утеха ќе биде тоа што и вие знаете дека и нам ни е жал за оваа одлука..

МЛАД ЧОВЕК - Претседателе...

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Повеќе нема што да се расправа. Бидејќи оваа млада жена може секој миг да се породи. Незнам дали има потреба повторно да ве потсетам какви последици ќе има таквата ситуација? Видете ако бабицата има некакви сомневања околу породувањето, тогаш ќе може околу таа состојба да дискутираме, секако земајќи го предвид крајното време... (*на бабицата)* Бидејќи само вие имате право на забелешка за состојбава. Имате ли било какво спротивно видување?

БАБИЦА - Немам претседателе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Без губење време нека се постапи по правилата!

СТАР ЧОВЕК - Овие не ги судат егзекуторите!

*(Човекот и старата жена му даваат знаци на стариот човек да замолчи)*

МЛАД ЧОВЕК - Ја осудувате жена ми иако не сме одговорни за некаква небрежност, невнимание... Заатоа што, правилата биле такви... вистината е дека ние не направивме ништо против правилата. Нашата свадба, првата брачна ноќ, Сè направивме во одредено време.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - *(Налутен)* Но за тоа веќе зборувавме синко... И без тоа за прв пат сум сведок на ваква ситуација. Не знам дали има потреба да те потсетам зошто нашите чеда кога одат надвор веднаш добиваат работа? Затоа што тие на ништо не се спротивставуваат! Од овде стекнатите пристојни навики, и во привремените места на престој

си ги практикуваат... Ако во нашата заедница се избрише зборот немир од речникот, не заборавајте дека вистинската причина извира од примената на правилата! *(Налутено.)* Што сакаш ти да кажеш? Да дискутираме за правилата, и сите луѓе да умрат!?

МЛАД ЧОВЕК - *(Видно растревожен)* Не сакам сите луѓе да умрат! Ама не сакам ниту мојата жена да умре!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Ја разбирам твојата тага момче. И ние бевме млади... И ние љубевме... Но за посветеноста за животот на другите луѓе треба да се знае... ...

МЛАД ЧОВЕК - (*кај и да е ќе заплаче*) Породувањето што го спомнавте не биднува тука така, оп и готово! Ве молам уште малку да почекате...

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Тоа не е возможно... Не можам да го ставам во опасност животот на луѓето од толкаво село...Или жена ти или останатите луѓе... Значи сите ние... Во оваа работа не постои средина! Да има решение да се спаси животот на сите, зошто не би го сторил тоа? (*одлучно*) И треба што поскоро да се спроведе извршувањето... Значи правилата ќе се применат! Ако сега жена ти почне да се пораѓа, што можеме да направиме тогаш? Додека жена ти се пораѓа доволен е само еден единствен вресок... или пак, што ќе правиме со врескањето на бебето што ќе се роди? Тогаш нема ли да се струполат планините врз нас? (*одеднаш станува строг*) Ако продолжиш да зборуваш ќе бидеме принудени и за тебе да ја донесеме и оствариме истата пресуда. Замолчи веќе!

МЛАД ЧОВЕК - Претседателе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Те предупредувам! На заборавај! Ако зборот е сребро, молчењето е злато! Ова ни се принципите сотитици години... (*им дава знак на егзекуторите да почнат со извршување на пресудата*)

СТАР ЧОВЕК - Овие не ги судат егзекуторите! Да се закопаат убијците а не невините!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Што зборува овој!!!?

СТАР ЧОВЕК - Осуди ги тие што го убија брат ми бе човеку!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Што зборуваш ти?

СТАР ЧОВЕК - Осуди ги убујците бе човеку! Ако си машко, нив осуди ги! Ама не можеш да ги осудиш! Затоа што тие веднаш ќе те задават!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Затнете му ја устата и на овој!

*(Егзекутор 1. обидувајќи се да му ја врзе устата на стариот човек со крпата што ја имал кај себе...*)

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Побрзајте малку!
СТАР ЧОВЕК - (*И се обидува да не го врзат и зборува*) Сега подобро го разбирам брат ми... Многу добро го разбирам!
ПРЕТСЕДАТЕЛ - (*на егзекутор 2.*) Спремете ја и другата!
ЕГЗЕКУТОР 2. - Како што ќе наредите!

*(Егзекутор 2. тргнува да ѝ ја врзе устата на младата жена)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Ме изненадуваш момче... Ама поради болката што ја доживуваш ќе те помилувам...
ЕГЗЕКУТОР 2. - (*ѝ ги врзал устата и рацете од позади на младата жена*) Претседателе готово е.
ПРЕТСЕДАТЕЛ - (*му дава знак со рака и очите да ѝ ги врзе*) Заврши ја до крај работата!

(егзекутор 2.*, ѝ ги врзува и очите. Невестата се тресе од страв...)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Во ред... (*кон другите)* Никој нема да си оди од овде! Додека да ја завршиме работата сите ќе останете дома... (*на егзекутор 1.*) Само ти ќе останеш овде. (*на другите членови*) Ајде станете. Да си ја завршите работата како сведоци. *(претседателот и членовите стануваат на нозе. Егзекутор 2. се мачи носејќи ја жената. Затоа што невестата се противи во чекорењето. Дури и со стенкање се обидува да покаже дека не сака да оди. Поради забелешката на претседателот, егзекуторот 2.со влечење ја доближува невестата до вратата. По нив полека се движат претседателот и членовите... додека другите безгласно чекаат, младиот човек без да биде забележан од другите ја отворил кутијата и во една од пушките ставил куршуми*)
МЛАД ЧОВЕК - (*ја исправа пушката нагоре*) Застанете веднаш!
(*сите застануваат, сите се збунети.)*
ПРЕТСЕДАТЕЛ - Што сакаш да сториш чедо мое?
МЛАД ЧОВЕК - Реков застанете!
ЖЕНА ЧЛЕН - Што е ова? Што прави овој?
МЛАД ЧОВЕК - Не ме терајте да го повлечам орозот!
ПРЕТСЕДАТЕЛ - Можно ли е ова?
ЖЕНА ЧЛЕН - Ако го повлечеш орозот пушката нема ли да пукне?... Кога ќе пукне пушката... Леле Господе Боже!
ПРЕТСЕДАТЕЛ - Ама... Ама сите ќе умреме!
МЛАД ЧОВЕК - Да... Ќе умреме! Или жена ми ќе живее или сите заедно ќе поцркаме!
(*молк.*)
ЧОВЕК - Спушти го оружјето...

ЖЕНА - Сакаш и нас да не убиеш?
ЧОВЕК - Сите заедно нема ли да умреме?
МЛАД ЧОВЕК - Татко вие не се мешајте.
ЧОВЕК - Како да не се мешеме? Освести се синко..
МЛАД ЧОВЕК - А жена ми да умре? Треба на правам сѐ што е во моја моќ за мојата жена и детето што ќе се роди да живеат!
ЧОВЕК - Што можеш да наравиш?
СТАРА ЖЕНА - Сите заедно ќе умреме!
ЖЕНА - Сеуште си млад... Нема ли друга жена за тебе? Ти си Изворот...Можеш да имаш дете и од друга жена...
СТАРА ЖЕНА - Ќе бидеш убиец на татко ти и мајка ти!
СТАР ЧОВЕК - Се гордеам со внукот мој!
МЛАД ЧОВЕК - Не ме разбирате!... (*на претседателот*) Никој да не мрдне! Преминете на своите места... реков преминете, ајде!

(*претседателот и членовите преинуваат на своите места. Егзекутор 2. повторно ја враќа невестата на старото место. На знак од младиот човек ѝ ги одврзува очите, рацете и ја вади крпата од устата на невестата. Молк)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Устата ми се исуши... може ли да се напијам вода?
МЛАД ЧОВЕК - Напиј се!

(*претедателот пие вода. И другите членови пијат*)

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Што ќе биде сега?
ЖЕНА ЧЛЕН - Што чекаме?
МЛАД ЧОВЕК - *(на Егзекутор 1.*) Ти! Татко и ти... одете проверете го каналот! Да видиме каква е состојбата сега! Не се задржувајте!

*(човекот и егзекуторот излегуваат)*

СТАР ЧОВЕК - И егзекуторите да ги судиме!

*(старата жена му дава знак на стариот да молчи. Сите така се во исчекување... посебно претседателот и членовите се уплашени и многу зачудени. После долго врреме човекот и егзекутор 1. доаѓаат)*

ЧОВЕК - Еден прст! ...
ЕГЗЕКУТОР 1. - Да еден прст...
МЛАД ЧОВЕК - Ете не доби болки повторно... Можеби бабицата погрешила! Тоа не се породилни болки... Но поради вашето нетрпение жена ми за малку ќе умреше... Ете гледате, погледнете... има ли некакви болки сега?
ПРЕТСЕДАТЕЛ - Што зборуваш чедо мое? Лаже ли бабицата? За нас и некако... Мајка ти, татко ти... Сите ќе умрат! Нив не ги жалиш?

*(човекот со одлучен став оди кај младиот човек. Успева да му ја спушти пушката. Го зема оружјето. Токму тогаш стариот човек ја вперува другата пушка и го разоружува човекот. Младиот човек повторно ја зема пушката во раце. Одеднаш младата жена почнува со болки да се превиткува)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Господе Боже!

БАБИЦА - Оваа жена ќе се породи!

МЛАД ЧОВЕК - *(на егзекутор 1.)* Затни ѝ ја устата!

*(егзекутор 1. ѝ ја затнува устата на невестата)*

МЛАД ЧОВЕК - Внеси ја внатре...

*(додека егзекутор 1. ја носи младата жена внатре, староит човек безгласно ракоплескајќи ја покажува својата радост)*

МЛАД ЧОВЕК - *(на бабицата)* Влези... Мајко и ти помагај...

БАБИЦА - *(на жената)* Донеси еден леген топла вода! Брзо!

МЛАД ЧОВЕК - Мајко побрзо!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - *(уплашен)* А врескањето на бебето?!

ЖЕНА ЧЛЕН - *(уплашена)* Ќе вреска!

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Сите ќе умреме!

ЖЕНА ЧЛЕН - Ќе умреме! Ќе умреме!

СТАР ЧОВЕК - Јас и без тоа сум пред умирање... Нема разлика. Сега подобро го разбирам брат ми... И јас сакам да викам пред да умрам... Сакам да викам! Веднаш, сега!

СТАРА ЖЕНА - Немој бе! Немој да правиш такво нешто!

ЧОВЕК - Татко јас сум твој син!

ЖЕНА - Изгледа ни дојде крајот.

ЧОВЕК - Ти ќе бидеш причина за мојата смрт! *(Со рака му ја затнува устата на татко си)*

ЖЕНА - (*на синот*) Јас те израснав тебе... Те ираснав за да бидеш причина за мојата смрт? Млекото и мојот труд нека ти се арам.

МЛАД ЧОВЕК - Молчете!

*(Бабицата му дава знак на егзекутор1 да излезе Егзекутор 1 доаѓа кај другите. Егзекутор 2. неприметно се доближува до младиот човек. Само што сака да го фати за рацете, младиот човек го приметува и со кундакот удирајќи го, го превртува.)*

МЛАД ЧОВЕК - Немој! Уште еднаш да не си се обидел!..

ПРЕТСЕДАТЕЛ - *(на егзекутор1.)* Глупак!

МЛАД ЧОВЕК - Разбравте ли?

ЕГЗЕКУТОР 2. - Разбравме.

*(Внатре е невестата, легната е со главата кон публиката. Породувањето се одвива безгласно... Бабицата со знаци ѝ*

*покажува на жената што треба да прави)*

ЖЕНА ЧЛЕН - *(уплашена)* Ама... устата на бебето ќе треба цело време да ја држиме затворена... Бидејќи за цело време ќе вреска...

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Ќе треба да ја држиме затворена устата на бебето Додека да се наполни каналот...

*(Стенкањата на невестата се појачани...Стенкањата се слушаат како придушени и како од некоја длабочин да доаѓаат. Стенкањата одеднаш престанваат. Бабицата држејќи го за устата го крева бебето. Го става во еден леген... Се слуша неверојатен вресок... Додека траат врескањата што можат да ги оглуват ушите, бабицата повторно го фаќа бебето... Мртва тишина... Се слуша ехото на врескањата... Повторно тишина... Сите во страв го очекуваат тресокот на лавината...Некои пак се молат... наместо да падне лавината, ништо не се случува...)*

ПРЕТСЕДАТЕЛ - Не падна!

ЖЕНА ЧЛЕН - Изгледа нема да падне.

ПРЕТСЕДАТЕЛ - ДАј Боже!

МЛАД ЧОВЕК - Молчете!

*(уште исвесно време молк...)*

СТАР ЧОВЕК - *(и покрај тоа што жена му попречува, ја зграшчува пушката од рацете на младиот човек и ја отвара вратата. Извикува фантастичен крик)*

Хееееееејт! *(За кратко се слуша ехото на крикот. Овој пат пука од пушката. Се слуша ехот. Радосните прикази го заменуваат напнатото исчекување... Однадвор се слушаат пукотници од пушки а и звуците на тапаните се придружуваат...)*

**ЗАВЕСА**